Институт за човекови права

Здружение на граѓани Институт за човекови права Бр. 0307-89/1 29.10.2021 год. СКОПЈЕ

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Бр. 03-353/1 29.10.2021 СКОПЈЕ

КСЗД

*Свесни дека унапредувањето на еднаквоста и спречувањето на дискриминацијата претставуваат битни фактори во системот на заштита на човековите права,*

*Со цел ефективна борба против дискриминацијата преку солидна законска и институционална поставеност,*

*Заради овозможување на заштита од дискриминација, нејзино препознавање, промовирање на еднаквост и остварување на заедничка соработка*

*Страните склучија:*

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на ден 29.10.21 година помеѓу:

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД),** ул. "Даме Груев" бр. 1 - Скопје, претставувана од г-а Весна Бендевска – Претседателка на Комисијата

и

**Институт за човекови права Скопје (ИЧП),** ул.„Киро Крстевски Платник" бр.11/2-17, 1000 Скопје, застапуван од г-а Маргарита Цаца Николовска – Претседателка;

### Предмет на соработка
### Член 1

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: КСЗД) од една страна и Здружението на граѓани Институтот за човекови права Скопје (во понатамошниот текст: Здружението на граѓани потписник на овој Меморандум) се согласија за воспоставување на меѓусебна соработка и поддршка со цел заеднички придонес во обезбедување и промовирање на човековите права, спречување и заштита од дискриминација според сите дискриминаторски основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### Остварување на соработката
### Член 2

Соработката меѓу КСЗД и Здружението на граѓани потписник на овој Меморандум вклучува соработка на проекти поврзани со заштита и унапредување на човековите права како и поддршка при реализацијата на проектот „Заштита од дискирминација, булинг и говор на омраза" финансиран од страна на Германската амбасада во Скопје.

### Член 3

Соработката претпоставува размена на информации во врска со унапредување на човековите права и спречување на дискриминацијата преку учество на состаноци, предавања, обуки, семинари, работилници, конференции, стручни расправи и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу страните, а ќе произлезат од нивните актуелни проектни потреби.

**Член 4**

Активностите кои се предмет на овој Меморандум за соработка, вклучуваат:

1. Давање на поддршка за реализација на проектни активности кои се однесуваат на почитување и унапредување на човековите права и спречување и заштита од дискриминација;
2. Размена на податоци од сопствените дата бази за реализација на прашања од заеднички интерес; ангажирање на челнови од КСЗД и стручна служба во реализација на проектни активности, фокус групи и конференции спроведувани од страна на Здружението на граѓани потписник на овој Меморандум;
3. Други активности коишто спогодбено ќе ги одредат договорните страни, а се од заеднички интерес за страните потписнички на овој Меморандум.

**Член 5**

Страните потписнички се обврзани да ги исполнат обврските и почитуваат одговорностите кои произлегуваат од овој меморандум.

Соработката се координира преку лица за контакт кои се назначуваат од секоја страна посебно.

Заради остварување на соработката, страните се обврзуваат да утврдат и воспостават постојан механизам за координацијата и размена на информации.

**Член 6**

Соработката може да се прошири и да се продлабочува на предлог на секоја од договорните страни доколку за тоа постои заемен интерес.

**Член 7**

Во случај на какво било несогласување кое ќе произлезе при спроведување на Меморандумот за соработка, истото ќе биде разрешено помеѓу Претседателката на КСЗД и Претседателката на Здружението на граѓани потписник на овој Меморандум.

**Член 8**

Овој Меморандум стапува на сила од денот на неговото потпишување.

Меморандумот е склучен во два истоветни примероци, од кои по еден за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | **Институт за човекови права Скопје** |
| **Претседателка:** | **Претседателка:** |
| **Весна Бендевска** | **Маргарита Цаца Николовска** |